# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕТЕОРОЛОГИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р РИСТО ЃОРГИ КУКУТАНОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, бр. 1802-211/16 од 20.5.2014 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
– проф. д-р Милан Ѓеорѓиевски, вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за подготвување и доставување на писмен извештај – рецензија на ракописот за универзитетскиот учебник „МЕТЕОРОЛОГИЈА“, поднесен од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, по добивањето и деталното прегледување на ракописот, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот за учебник „Метеорологија“, како и истоимениот предмет, кој се слуша во прв семестар како изборен предмет, со фонд на часови 2+1+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма по предметот Метеорологија и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 315 страници, $A_1$ формат со нормален проред, распоредени во 13 тематски поглавја и повеќе потпоглавја, а содржи и 226 слики, 23 табели и повеќе соодветни илустрации и графички прикази. Обемот на ракописот по содржина целосно ги исполнува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис со ист или сличен наслов досега не е објавен, така што постои реална потреба за објавување на поднесениот ракопис како универзитетски учебник.

**Краток опис на содржината**: Ракописот е напишан на јазик разбирлив и близок до студентите. Содржи доста информации кои имаат за цел проширување на знаењето на студентите не само од областа на метеорологијата, туку овој ракопис може да се користи и за други стручни предмети, сродни и слични на областа, што ги проучуваат студентите Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Опсегот на покриеност на материјалот е во рамките на покривање на програмата по предметот Метеорологија, кој се слуша во прв семестар на Земјоделски факултет како изборен предмет на студиска програма Општа насока со број на часови 2+1+1 од прв циклус студии.

Ракописот е презентиран со предговор и 13 поглавја, како и соодветни потпоглавја во главните поглавја: Вовед, 1. Поделба на метеорологијата, 2 Метеоролошки елементи и појави, 3. Организирање на метеоролошки набљудувања, 4. Атмосфера, 5. Топлина, 6. Мерење на температурата на воздухот, водата и почвата, 7. Влажност на воздухот, 8. Ветрови, 9. Облаци, 10. Врнежи, 11. Користење на современи средства за обезбедување на метеоролошки податоци, 12. Автоматски метеоролошки станици 13. Климатски типови во Република Македонија и Користена литература.

Во користената литература авторот наведува 114 наслови на литература кои се користени при пишувањето на ракописот и 17 веб-адреси, соодветно цитирани во текстот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од напред изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Лилјана Колева- Гудева и проф. д-р Милан Ѓорѓиевски констатира дека ракописот за универзитетскиот учебник „Метеорологија", пријавен од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов, е напишан според наставна програма  за студентите од сите студиски програми на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и ќе биде од голема корист како на студентите за совладување на наставните содржини од истиот предмет, така и на пошироката јавност.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно - научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го прифати рецензираниот ракопис „Метеорологија" од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов и истиот да го одобри за користење како **универзитетски учебник** и негово публикување во електронската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, с.р.**
**Проф. д-р Милан Ѓеорѓиевски, с.р.**